Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/16), Министерот за транспорт и врски на ден ________.2016 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во**
**Министерството за транспорт и врски**

**Член 1**

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за транспорт и врски број 01-1940/2 од 23.02.2016 година и тоа во глава IV „Опис на работните места во Министерството за транспорт и врски" работното место со реден број 170- самостоен референт за информативно-документациони работи во одделение за нормативни и правни работи од областа на уредувањето на просторот и градежното земјиште во Сектор за нормативни и правни работи се брише и на негово место се додава ново работно место кое гласи „референт за информативно-документациони работи" со следниот опис:

| | |
|---|---|
| **Реденброј** | 170 |
| **Шифра** | УПР 01 01 Г03 000 |
| **Ниво** | Помошно – стручен административен –II I ниво (Г3) |
| **Звање** | Референт |
| **Назив на работно место** | **Референт за информативно-документациони работи** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделението |
| **Вид на образование** | средно или вишо образование |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Вршење на административни и технички работи за одделението |
| **Работни задачи и обврски** | - врши административни и технички работи за одделението<br>- врши задачи од областа на архивски, |

| | |
|---|---|
| | информативно-документациони и стручно-оперативни работи преку примена на одделни прописи и општи акти на органот за канцелариско и архивско работење.<br>- води интерна доставна книга за секторот;<br>- води евиденција за присутност/редовност на државните службеници во секторот;<br>- подготвува записници/белешки од одржани состаноци;<br>- подготвува и обработува податоци и документација за потребите на одделението;<br>- собира, средува и обработува материјали за архивирање;<br>- подготвува материјали за автоматска обработка;<br>- прима и пренесува пораки за секторот<br>- се грижи за комуникацијата со странки кај раководителот на секторот; |

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општетсво и администрација.

Бр. /01-11961/1
15.09.2016година
Скопје

МИНИСТЕР,
ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ

**Согласност од Министерство за информатичко општество и администрација број 12/6-794/7 од *20.09.2016 година***